# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
# „КОЧО РАЦИН“ – КУМАНОВО

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО
# 2023 ГОДИНА



**јуни 2023 год.**

# Подрачје 1:

# ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ

**Координатор на тимот:** Весна Тодоровска

**Членови на тимот:** Николина Милевска, Соња Коцевска, Габриела Арсовска, Лидија Крстевска, Лидија Атанасовска, Марија Мартиновска, Весна Колевска, Биљана Ивановска, Марина Величковска, Климентина Михајловиќ, Росица Трајковска

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **1.1** | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето |
| **1.2** | Наставен процес | • Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Планирање и реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието |
| **1.3** | Искуства на учениците од учењето | • Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците |
| **1.4** | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **1.5** | Вонннаставни активности и натпревари | • Обем и разновидност на планираните и реализираните вонннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со вонннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на вонннаставните активности<br>• Натпревари |

| 1.1 Планирања на наставниците | |
|---|---|
| **<u>Извори на податоци</u>** | **<u>Собрани информации</u>** |
| • Документи<br>• Наставни планови и програми донесени од МОН<br>• Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Планирања на наставниците<br>• Списоци<br>• Агенди и извештаи од реализирани обуки<br>• Записници и списоци од состаноци на стручни активи<br>• Анкети со наставници<br>• Интервју со Директорот и стручните соработници<br>• Извештаи од стручни соработници за следени планирања<br>• Распоред за посета на часови<br>• Извештаи од посетени часови<br>• ЛППР | Наставниците изготвуваат годишни, тематско-процесни и дневни подготовки со сите неопходни елементи за успешна реализација на часот за сите предмети-задолжителни и изборни во согласност со донесените наставни планови и програми од страна на МОН. Во рамките на планирањата, а според насоките дадени од специјален едукатор-рехабилитатор се изработуваат годишни, среднорочни и индивидуални планови за ученици со посебни образовни потреби изготвени во зависност од нивните способности. Активностите се внесуваат во дневни планирања како диференцирани активности. Реализацијата на наставните планови и програми се во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. На почетокот на учебната година, родителите и учениците се запознаваат и информираат за наставните планови и програми што ќе се реализираат во тековната година. Бирото за развој на образование изготвува каталог со обуки по подрачја и според истиот наставниците бираат кои обуки ќе ги посетат. Реализираните обуки се внесуваат во Личен план за професионален развој на наставниците. По спроведените обуки обучениот кадар врши дисеминација, но интерно, во рамките на стручниот актив или по сродни предмети. По претходно утврдени процедури и формулари, директорот и педагогот пред почетокот и во текот на учебната година ги следат планирањата на наставниците и даваат поддршка за подобрување преку индивидуален разговор со наставник кај што има потреба. Најмалку два пати во едно полугодие се врши посета на час од страна на Директорот и стручна служба според однапред и јавно објавен распоред изготвен за посета на часовите.<br><br>Наставниците разменуваат искуства за планирања и изготвување на наставните содржини во рамките на стручни активи и користат стручни искуства од различни медиуми. Како резултат на размена на искуства и користење стручни искуства планирањата се подобрени. |

| 1.2 Наставен процес | |
|---|---|
| **<u>Извори на податоци</u>** | **<u>Собрани информации</u>** |
| • Планирања на наставници<br>• Процедура за следење на планирања<br>• Распоред за посета на часови<br>• Извештаи од посетени часови<br>• Извештаи од реализирани работилници<br>• Е-дневник<br>• Водич за инклузивни образовани<br>• Тим за училишна интеграција | Настава во Училиштето се реализира според пропишаниот обем, Концепција за основно образование, инклузивно образование и редовно според календарот за работа од МОН.<br>Прво, второ, четврто и петто одделние НПП го реализира според Новата Концепција за основно образование. Во случај на отсуство, наставата се реализира со замена или соодветен кадар од Училиштето.<br>Изборот на слободни изборни предмети и активности се во согласност со Концепцијата за основно образование и Водичот за слободни изборни предмети за основно образование. Училиштето изготвува анкета врз основа на која, според новата Концепција, училиштето нуди 12 изборни предмети. Во предметна настава учениците имаат избор од 3 изборни предмети. Родителите, во зависност од интересите на своето дете, одлучуваат за изборниот предмет.<br>Наставниците кои предаваат на ученици со ПОП со или без образовен асистент изготвуваат и го прилагодуваат НПП според нивните способности, а по потреба, се користи диференциран и индивидуализиран пристап за ученици со потешкотии во учење. За време на наставата образовниот асистент помага и ја прилагодува наставната единица/содржина за нејзино полесно совладување и усвојување. Се користат различни методи и техники, монтесори помагала, наставни нагледни средства, како и сензорната соба за индивидуализиран пристап. Училиштето има потреба од асистивна технологија која недостасува за потребите за работа со учениците со ПОП.<br>Наставниците соработуваат со учениците, ги разбираат, прифаќаат и почитуваат. Еднакви можности се обезбедени за вклучување на сите ученици. За време на наставните часови се создаваат еднакви можности за учество за сите ученици, а со интеракција наставник/ученик и примена на современи методи и техники се постигнуваат поставените цели на часот. Поголем дел од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите.<br>При запишување во прво одделение, од страна на стручна служба или со веќе приложена МКФ проценка, се евидентираат ученици со посебни образовни потреби. Да се напомене дека и во текот на образовниот процес, од страна на наставниците, може да се забележат ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини или се со посебни образовни потреби. На овие ученици им се дава еднаква можност во учење и создавање на емоционална клима на прифатеност од другите соученци. За потребите на |

| | |
|---|---|
| | учениците со физичка попреченост приспособен е пристапот во училиштето, просторот во ходниците и пристапот до тоалетите. Во училиштето постои училишен инклузивен тим од 7 члена и Програма за работа на инклузивниот тим, како и инклузивен тим со членови за ученик ИТУ, (односно за секој ученик посебно) и програма за истиот. Секој тим е раководен од дефектологот во Училиштето. Секој тим за секој ученик изработува ИОП, односно секој наставник за ученикот на кој му предава. Согласно законската регулатива инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети.<br>Од учебна 2021/22 г. МОН го превзема проектот општествено корисна работа и посебно го назначува ПОУРЦ „Иднина“ – Скопје кое е надлежно и за нашата Општина. Преку ресурсниот центар во учебната 2021/22 година обезбедени се 5 (пет) образовни асистенти за ученици со проценка според МКФ (Меѓународна класификација на функционалности). Таа бројка на образовни асистенти се менува кога еден ученик се отпишува или завршува деветто одделение, а се запишуваат нови првачиња или кога нов ученик добива МКФ проценка. Мал дел од наставници имаат потешкотии и проблеми од различен вид со кои се соочуваат при работа со учениците со ПОП, додека пак други постојано работат и соработуваат со целиот инклузивен тим на ученикот. Наставниците имаат посетено повеќе интерни обуки организирани од страна на стручните соработници, вебинари и обуки кои сами ги финансираа, како и онлајн Информативна сесија за наствници (организирана од ПОУРЦ „Иднина“). Образовните асистенти во нашето училиште имаат одлична соработка наставниците и со родителите и со целиот инклузивен тим. Образовните асистенти, во соработка со дефектологот, постојано организираат работилници, спортски активности, учества во одбележување на Денот на Училиштето и приредби за учениците со посебни образовни потреби. Образовните асистенти прават големи напори во процесот на инклузија на ученици со посебни образовни потреби и покрај тоа што се случува да има ненавремено доставени ИОП-и или поттик од страна на наставниците спрема учениците.<br>Постојат случаи на неуспешна соработка помеѓу наставниот кадар и образовните асистенти.<br>Инклузивниот тим работи на професионална ориентација на учениците со посебни образовни потреби.<br>Училиштето има Тим за училишна интеграција кој има изработен план за следење на активностите на ниво на Училиштето. Секој наставник во своите годишни планирања е задолжен да испланира и реализира најмалку 3 самостојни мултикултурни активности. Училиштето планира соработка со партнер училиште ,,Наим Фрашери’’ Куманово за реализација на заеднички активности. Училиштето на секој повик за грант за МИО активности доставува апликација, но за истите сме одбиени. Оваа година има доставено апликација за грант за организирање на заеднички часови со ученици од друг наставен јазик во рамки на проектот ,,Градиме нови мостови’’ заедно со партнер училиштето. Апликацијата е одбиена, и истата ќе биде ревидирана во месец август. И покрај тоа што |

| | |
|---|---|
| | немаме добиено грант, самостојно со свои средства во нашето Училиште се реализирани три работилници со ученици од ООУ „Наим Фрашери“ Куманово. Прва работилница на тема: ,,Употреба на 3Д принтер’’, втора на тема: „ ПИ број“ и трета„ Интеграција на физика, хемија и математика“. Во секоја работилница учество зедоа по 20 ученици од двете училишта. Минатата година беше реализирана работилница со партнер училиште на тема: ,,Ненасилна комуникација’’ во која учествуваа по 10 ученици од двете училишта.<br>Во законски рамки училиштето доставува квартални, полугодишни и годишни извештаи за МИО. |

**1.3 Искуства на учениците од учењето**

| **Извори на податоци** | **Собрани податоци** |
|---|---|
| • Анкета со учениците, родителите и наставниците<br>• Разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници<br>• Разговор со стручна служба<br>• Увид во ученичките порфолија<br>• Увид во евиденција на стручните соработници<br>• | Од разговори во фокус групи со ученици, родители, стручна служба и наставници констатирано е дека училишната средина е интеркултурна и мотивирачка што поттикнува интерес за учење. Наставниците редовно дискутираат со учениците за актуелни и тековни содржини од секојдневниот живот и разменуваат искуства и идеи. Во планирањата, тековно се интегрираат содржини кои ги оспособуваат учениците за решавање проблеми во реалниот живот и нивното учество и придонес во рамките на општеството. За време на часовите учениците се поттикнуваат самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци од она што го учат. Содржините во наставните планови и програми, според прирачникот за „Образование за животни вештини“ целосно го поттикнуваат развивањето на емоционалниот, личниот и социјалниот развој кај учениците од различна родова и етничка припадност како и развивање на вештини кои им користат во другите наставни предмети и во секојдневниот живот. Учениците го доживуваат училиштето како мотивирачка средина во која се социјализираат, поттикнуваат на креативност, комуникација и толеранција, а со тоа се зголемуваат не само постигањата, туку и нивните потенцијали и други вештини за самостојно и критичко размислување. Истовремено имаат слобода да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за сите нејаснотии. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците со давање афирмативни коментари за активностите истакнувајќи ги јавно во рамки на одреден временски период при што посебен акцент се става на поттикнување на самодоверба при изнесување на својот личен став. Секако, се води грижа и за слабите страни на ученикот -индивидуален разговор. Учениците имаат на располагање слободен пристап до училишната библиотека, кабинети кои се опремени со соодветна опрема и кои помагаат во осовременување на учењето. Се посветува внимание на индивидуален стил на учење и поттикнување на креативност. Покрај ова, родовата и етничката рамноправност, како и мултикултурната чувствителност се реализираат како дел од активностите во рамките на редовната настава преку интегрирање на наставните содржини и одржување работилници на |

| | |
|---|---|
| | часовите на одделенската заедница.<br>Во тек на наставниот процес преку примена на различни наставни техники и методи како и современа интерактивна техника, наставниците успешно ги препознаваат индивидуалните образовни потреби на учениците со што им овозможуваат полесно совладување на наставниот материјал. Во соработка со стручната служба се реализираат активности и работилници за надминување на сите нејаснотии, како кај учениците кои потешко напредуваат така и кај појаките ученици. Слични активности се организираат и на ниво на Стручни активи на ниво на генерации и по наставни предмети. На овој начин се превземаат конкретни активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето.<br>Оваа учебна година, според понудениот каталог од БРО, најголем дел на наставниците посетија обука за надарени и талентирани ученици, иако, и до сега Училиштето вложуваше голем труд и напори за работа со оваа категорија на ученици. И кај надарените и кај талентираните ученици акцентот се става на поттикнување, негување и развивање на нивните потенцијали. |

| **1.4 Оценувањето како дел од наставата** | |
|---|---|
| **<u>Извори на податоци</u>** | **<u>Собрани податоци</u>** |
| • Критериуми за оценување и стандарди за постигањата на учениците<br>• Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците.<br>• Инструменти за следење на ученици со ПОП;<br>• Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, контролни и писмени работи,<br>• бодовни листи, чек листи);<br>• Ученички портфолија<br>• Увид во педагошка евиденција и документација;<br>• Записници од стручни активи<br>• Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава; | Секој наставник, при оценување, ги следи Законските одредби и критериуми за оценување, Стандарди за постигањата на учениците и Кодексот за оценување. Од прво до трето одделение учениците се оценуваат описно, од четврто до шесто описно и бројчано само на крајот на учбната година и од седмо до деветто одделение само бројчано. Учениците со ПОП, континуирано се следат во постигањата. Во соработка со членовите на инклузивниот тим учениците се оценуваат. Напредокот и постигањата на учениците континуирано се следи од страна на наставниците и стручните соработници. При идентификување на одредени потешкотии во процесот на учење се превземаат конкретни активности за нивно надминување.<br>Во училиштето има формирано стручни активи на наставници за меѓусебна поддршка и соработка, споделување на знаењата и педагошките практики и превземање на иницијативи за подобрување на квалитетот на воспитно образовната работа на училиштето. Стручните активи на училиштето ги усогласуваат критериумите за оценување и националните стандарди за постигањата на учениците. Со нив се запознаени и учениците и родителите. Постигањата на учениците се врши со: формативно оценување (континуран процес на следење, проверување и вреднување на постигањата со што се за обезбедуваат објективни докази за напредок-во што покажуваат добри резултати, а што треба да се подобри) и сумативно оценување (мерење на постигањата на ученикот на крајот на определена наставна целина или на даден временски период-тримесечје, полугодие, крај на учебната година). Резултатите од формативно и сумативно оценување се користат за да се оформи оценкака за тековните постигања. Поголем |

| | |
|---|---|
| начини на проверка<br>• Прашалници за наставници, родители и ученици;<br>• Кодекс на оценување<br>• Полугодишни и годишни анализи за успех;<br>• | број од учениците и родителите се согласуваат дека оценувањето е праведно, јавно, транспарентно проследено со меѓусебна дискусија и со повратни информации од страна на наставникот за усвоените знаења што пак во голема мера помага во подобрување на постигања на учениците.<br>Оценувањето, по секој наставен предмет, се врши врз основа на стандарди и критериуми за оценување изготвени од МОН. Проверката на знаење се врши според целите на наставната програма, преку усно и писмено проверување, зависно од карактерот на наставниот предмет и преку проверка на изработки и практични изведби. Наставниците покажуваат желба за осовременување на настаниот процес и применуваат разновидни форми и методи и техники споделуваат и споделуваат новостекнати идеи за унапредување за реализација на поинтересно презентирање и усвојување на наставните содржини во рамките на стручните активи. Во процесот на оценувањето учествуваат учениците преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми или водење портфолија. Со инструменти за оценување континуирано се следи и оценува напредокот на учениците на ниво на стручни активи и во соработка со Стручна служба. |

Коефициент на континуитет на успехот на учениците

| **Учебна 2020 /2021** | | | |
|---|---|---|---|
| **одделение** | **7 одд** | **8 одд** | **9 одд** |
| **Среден успех на полугодие** | **4.15** | **3.82** | **3.92** |
| **Среден успех на крај** | **4.38** | **4.09** | **4.29** |
| **Коефициент** | **0.95** | **0.93** | **0.91** |

| **Учебна 2021 /2022** | | | |
|---|---|---|---|
| **Одделение** | **7 одд** | **8 одд** | **9 одд** |
| **Среден успех на полугодие** | **3.96** | **3.77** | **3.82** |
| **Среден успех на крај** | **4.19** | **4.09** | **4.17** |
| **Коефициент** | **0.95** | **0.92** | **0.92** |

| **Учебна 2022 /2023** | | | |
|---|---|---|---|
| **Одделение** | **7 одд** | **8 одд** | **9 одд** |
| **Среден успех на полугодие** | **3.91** | **3.82** | **3.88** |
| **Среден успех на крај** | **4.20** | **4.10** | **4.19** |
| **Коефициент** | **0.93** | **0.93** | **0.93** |

Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на

| | |
|---|---|
| | полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9.<br>Добиените информациите од оценувањето им овозможуваат на наставниците да ги идентификуваат силните и слабите страни кај учениците и преку истите, да ги адаптираат, креираат и проценат своите наставни планови во однос на подобри стратегии, подобри планирања и поуспешна реализацијата на наставата. НПП дава слобода наставниците да внесат измени во материјалите, измени во методите на предавање или додатни ресурси за да се зголеми интересот за учење. Наставниците ги препознаваaат учениците кои потешко усвојуваат наставни содржини или побрзо напредуваат и им предлагаат дополнителни наставни материјали, индивидуална настава или посебни програми за совладување на наставниот материјал, да дискутираат со учениците за напредокот и постигнувањата и ги вклучуваат во дополнителна или додатна настава.<br>Наставниците подготвуваат разни извештаи и анализи по класификациони периоди. Учениците редовно добиваат повратни информации од наставниците за нивната работа. |

| **1.5 Вонаставни активности и натпревари** | |
|---|---|
| **<u>Извори на податоци</u>** | **<u>Собрани податоци</u>** |
| • Разговор со директорот<br>• Разговор со ученици, наставници и родители<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Програма за дополнителна и додатна настава и СУА<br>• Пофалници<br>• Годишна програма за работа<br>• Благодарници<br>• Анкета<br>• Web портал<br>• Разговор со стручна служба | Во Училиштето се организираат краткотрајни и долготрајни активности со цел учениците да ја развијат својата индивидуалност, да ја зајакнат својата самодоверба да станат отворени, креативни и изградени личности. На ваков начин тие се социјализираат, се поттикнува нивната креативност и се развива подобра комуникација и толеранција, кое резултира не само во подобрувањето во нивните постигања, туку и во нивните потенцијали во развивање на други вештини. Во рамките на одделенската заедница Училиштето организира еднократни работилници – ОЖВ работилници, активности со МИО, унапредување на здравјето на учениците, општествено-хуманитарна работа, ЕКО акции. Редовно се организираат спортски активности во училиштето и во соработка со други училишта и други релевантни фактори. Се организираат и реализираат посети на институции од научно-истражувачи, едукативен и забавен карактер. Во рамките на Училиштето се организираат активности, како што се маскенбали, приредби, организирање на масовни работилници – базари и саеми. Редовно се изведуваат излети, екскурзии со запазување на сите процедурални насоки за нивно успешно реализирање и со однапред изготвен план и програма. Во рамките на Училиштето и надвор од него (заедницата) се организираат и долготрајни вонаставни активности во вид на секции или клубови. Според новата Концепција, слободните изборни предмети и слободни активности, во одделенска настава се во рамките на редовната настава, додека во предметна настава се јавуваат во форма на клубови и секции (СУА). Тековните реалзирани активности се истакнуваат на веб портал и фан страна на училиштето. Дел од вонаставните активните се реализираат во соработка со повеќе невладини организации, здруженија на граѓани, |

| | |
|---|---|
| | збратимени или партнер училишта на локално, државно и меѓународно ниво и преку Еразмус +. проекти. Сите активности кои се планирани се внесени во Годишна програма и за истите се прави извештај.<br>Во вонnаставните активности опфатен е значителен број на ученици. Секој ученик се пронаоѓа во барем една вонnаставна активност која му е интересна и каде може да ги истакне своите способности и вештини при реализација на тековните активности. Преку вонnаставни активности и ученичко организирање и во соработка и организација на Црвен Крст и други институции од сличен карактер, во третиот образовен период, се организираат општествено-хуманитарни-собирна акции (финансиска помош за социјално -ранлива категорија на семејства или здравствени проблеми (пари, храна, облека). Ученичкото организирање (Ученички парламент) во целост ги исполнува сите свои задачи и поттикнува соработка и покренува иницијативи за повеќе активности од општествено-хуманитарна важност меѓу кои посета на компании, организирани акции за рециклирање, собирни акции за помош во вид на храна и други активности.<br>Вонnаставните активности кои се нудат во училиштето се изготвени според барањата на Концепцијата и транспарентна процедура, а учениците се вклучуваат во нив по сопствена желба и интереси. Голем дел од наставниците планираат вонnаставни активности. Изборот на активности е направен според поширок спектар. Во училиштето се реализираат вонnаставни активности со флексибилни програми и давање можност за измена на истите.<br>Поголем дел од наставниците планираат и реализираат училишни подготвителни часови за натпревари како селекција за понатамошните натпреварувања на училишно, општинско, државно и повисоко ниво. Учениците земаат учество на натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници како и во други активности од натпреварувачки карактер, и секогаш постигнуваат високи резултати. Учениците јавно се пофалуваат на интернет страница на Училиштето, во медиуми( социјални мрежи и ТВ) и на крајот на учебната година на свечено доделување на пофалници и прогласување на истакнати ученици и ученик на генерација. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| **Констатирани силни страни** | • Во училиштето се планираат и реализираат голем број разновидни воннаставни краткотрајни и долготрајни активности во кои се вклучени сите ученици, најмалку во една од нив<br>• Учениците имаат можност да го кажат своето мислење и да учествуваат во давање предлози за подобрување на наставниот процес<br>• Училиштето одржува континуитет во оценување во рамки на даден коефициент (над 0,9)<br>• Училиштето спроведува образовна инклузија на високо ниво, преку одлична соработка на Училишен инклузивен тим, образовни асистенти и сите наставници, во соработка со ОУРЦ „Иднина“ Скопје<br>• Стручните активи соработуваат, споделуваат, изработуваат и придонесуваат во подигање на квалитетот на наставата<br>• Се користат различни инструменти техники и методи за оценување и континуирано се следи и оценува напредокот на учениците<br>• Наставниците ги прилагодуваат наставните содржини со најразлични приоди, форми и методи за ученици со потешкотии во совладување на зададените цели<br>• Училиштето секогаш позитивно одговара на покани за учество на манифестации, настани, ликовни и литературни конкурси<br>• Врвни постигнувања на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво на натпревари со и без акредитација<br>• Високо развиено чувство на волонтеризам, спроведување на хуманитарни и собирни акции кај голем број на ученици, родители и наставници |
| **Констатирани слаби страни** | • И покрај тоа што има инклузивен тим во Училиштето за изготвување на ИОП, некои наставници имаат потреба од дополнителна едукација за работа со талентирани, надарени и ученици со ПОП.<br>• Недостаток од асистивна технологија за работа со ученици со ПОП |
| **Дополнителни дејствија:** | • Обука за наставници за работа со надарени, талентирани и ученици со ПОП<br>• Набавка на асистивна технологија |

Подрачје 2:

## ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Координатор на тимот:** Емилија Златановска

**Членови на тимот:** Фросина Јовановска Антевска, Владица Наковсќа, Фросина Арсовска, Бисера Јордановска, Маре Пауновска

**Подрачје 2:  Постигнувања на учениците**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 2.1 | **Постигнувања на учениците** | • Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците |
| 2.2 | **Мерки за подобрување на постигањата** | • Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава |

| 2.1 Постигнувања на учениците | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Собрани информации** |
| • Училишни програми и извештаи<br>• Самоевалуација<br>• Записници од стручните органи на училиштето<br>• Извештаи од стручната служба<br>• Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето<br>• Досиеја на учениците<br>• Интервју со директор и стручна служба<br>• Е-дневник<br>• Анализи на успехот на учениците<br>• Анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците<br>• Интервјуа со стручна служба | Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети, по класификациони периоди и по учебни години. Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Советот на одделенските наставници и Наставничкиот совет. Во училиштето наставата се изведува на македонски јазик. Според етничката припадност најголем број од учениците се Македонци, мал број се Срби, Роми и останати етникуми. Училиштето промовира уверување (докази) дека учениците без разлика на етничка и верска припадност и економскиот и социјалниот статус покажуваат резултати според своите можности и способности, со тоа што девојчињата имаат подобри постигнувања од момчињата. Од анализите за успехот на учениците според наставни предмети и квалификациони периоди, најдобри резултати се постигнати по вештините, уметностите и јазиците, малку послаби по општествените, а најслаби по природните науки. Поголем број од наставниците тековно ги следат постигањата на учениците и врз основа на формативно оценување се дава сумативна оценка на крајот од секое тримесечје. Во однос на квалификационите периоди најдобри и највисоки резултати има постигнато во четвртото тримесечје или крајот на учебната година. Сите овие податоци се достапни во форма на табеларни прегледи кои се предаваат за секој класификационен период од страна на одделенските раководители. Училиштето го следи успехот на учениците од деветто одделение на полугодие и истите ученици на полугодие во прва годнина средно образование. Најголем број од анкетирани ученици се изјасниле дека  континуирано се следени од своите наставници и добиваат поттик за подобрување на успехот. Училиштето и наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците во воннаставните активности и уредно се води евиденција. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди. На наставнички совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија и се предлагаат активности за подобрување на истиот, но не во форма на Акциски план. Училишниот одбор ги разгледува извештаите за подобрување на постигањата на учениците од прво и второ полугодие.<br>Во учебната 2021/2022год. нашето училиште беше вклучено во државно тестирање (финално), но сеуште немаме добиени резултати. Во учебната 2022/2023 год. учениците од четврто одделение беа вклучени во Меѓународна студија ТИМСС во која се следени постигињата на учениците по математика и природни науки и за кои исто така сеуште немаме добиено резултати.<br>Учениците со тешкотии во најголем дел се идентификуваат при упис во прво одделение од страна на педагошко-психолошката служба или врз основа на доставена медицинска документација, како и во текот на школувањето. Стручната служба има изработено насоки за идентификација на |

| | |
|---|---|
| • Медицинска документација на ученици<br><br>• ИОП<br><br>• Прашалници од наставници, ученици и родители<br><br>• Записници од Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници и Наставнички совети<br><br>• Табеларни прегледи по тримесечја и квалификациони периоди за постигањата на учениците<br><br>• Извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата<br><br>• Список на деца од реонот на училиштето што треба да се запишат во прво одделение, основно образование (од надлежните служби на Министерството за | учениците со посебни потреби и потешкотии во учењето, како и на надарените ученици. Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето ја вршат наставниците, а дидактички упатства и насоки за работа со нив добиваат од стручната служба. Училиштето воспостави механизам за откривање/детектирање на надарените и талентираните ученици преку примена на прашалници за откривање на надарени и талентирани ученици наменети за ученици, наставници и родители и формира база на податоци. Идентификацијата оди отежнато поради тоа што училиштето не располага со потребните психодијагностички инструменти. Најголем број од наставниците успеваат да ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето, како и надарените ученици. Континуирано се следи напредокот на учениците, а подлабоки анализи се прават на класификационите периоди, при што се донесуваат предлог мерки за подобрување на постигнувањата на учениците. За таа цел се реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава. Најголем број наставници обезбедуваат поддршка на учениците со потешкотии во учењето, а учениците со посебни образовни потреби без исклучок работат според ИОП. Поголем број ученици се изјасниле дека на нивно барање наставниците им организираат дополнителна настава, а половина дека наставниците се обидуваат да им го разјаснат материјалот на различни начини. Половина од испитаните ученици се изјасниле дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите, наставниците им нудат додатни часови. Најголем дел од родителите сметаат дека на нивните деца им е овозможено да имаат дополнителна или додатна настава, доколку тоа е потребно.<br>Родителите редовно добиваат известување за постигањата на учениците на секој класификационен период, преку Евидентен лист за успехот на ученикот/чката (описно оценување) од прв образовен период за прво, второ, трето тримесечје и на крајот од учебната година, истото описно оценување е и за ученици од втор образовен период со тоа што на крајот на учебната година имаат бројчано оценување. Учениците од трет образовен период на сите класификациони периоди се оценуваат со бројчани оценки. Известувањата за успехот на учениците, родителите/старателите го добиваат преку Е-дневник, кој уредно се води од страна на наставниците и родителите електронски ги потпишуваат, како и во печатена форма, каде што родителите на родителските средби, ги добиваат на увид за постигнатиот успех на учениците. Известување за постигањата на учениците наставниците го вршат и преку индивидуални разговори со родители/старатели, каде што уредно се води документација (записник) за информирање на родителите за постигањата и подобрувањето на успехот на ученикот. Во училиштето има истакнато распоред на предметни наставници – приемен ден со термини во часови за консултации со родителите. Секој одделенски наставник од прво до петто одд. својот распоред го истакнува во училница и преку известување на родителите на родителската средба на почеток на учебната година. Најголем број наставници се изјасниле дека голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по нивните |

| | |
|---|---|
| внатрешни работи)<br><br>• Евидентни листови за постигањата на успехот на учениците<br><br>• Увид во педагошка евиденција и во документација<br><br>• Покани за родителски состаноци за секој квалификационен период за постигањата на учениците<br><br>• Записници од индивидуални средби со родители во печатена форма и во Е-дневник<br>• Распоред со термини за консултации со родители | предмети. Во поголем број учениците се изјасниле дека нивните родители/ старатели се постојано известени за нивниот напредок во училиштето. Најголем број на родители се изјасниле дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивните деца. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. |

<table>
<tr><th colspan="2">2.2 Мерки за подобрување на постигањата</th></tr>
<tr><th><u>Извори на податоци</u></th><th><u>Собрани информации</u></th></tr>
<tr><td>
• Извештаи на училиштето<br>
• Увид во педагошката евиденција и во документација<br>
• Анализи на успехот<br>
• Покани за советување на родители/старатели<br>
• Програма за советување на ученици и родители<br>
• Записници од одржани советувања со родителите/старателите<br>
• Самоевалуација<br>
• Записници од стручните органи на училиштето<br>
• Е – дневник<br>
• Распореди и списоци за дополнителна настава<br>
• Програми за работа на училиштето<br>
• Интервју со директорот, стручната служба и наставниците
</td><td>
Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничка припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата (оправдано и неоправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедува зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите, локална самоуправа, граѓанските организации и Центар за социјални работи за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, вршени се посети на домот од страна на одделенски раководители и стручни соработници, испраќани се покани до родителите/старателите кои се повикани на советување и доставени се извештаи до ДПИ за нередовно посетување на наставата и овие мерки кај најголем број ученици дадоа резултати. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу два извештајни периоди е помал од пет по ученик, а во најголемиот број паралелки просечниот број на изостаноци по ученик помеѓу два извештајни периоди е до два неоправдани изостаноци. Училиштето реализира советувања на родителите по основ нередовно посетување на наставата и води уредна документација за истото. Ученици кои отсуствуваат подолг временски период, односно не посетиле повеќе од 30% од наставата остануваат неоценети и се упатуваат на полагање на одделенски испит на крајот од наставната година. Во учебна 2022/2023 год. еден ученик од третиот образовен период го повторуваше одделението, а двајца ученика од првиот образовен период се задржуваат во исто одделение по претходно добиена согласност од родител. Најголем дел од родителите се изјасниле дека континуирано се информирани за редовноста на нивните деца.<br><br>
Советувањето во училиштето се врши врз основа на ориентационен план за одржување на советувањата изготвен од страна на психологот на училиштето согласно Програмата за советување на ученици и родители. Родителите се повикуваат со архивирани и нумерирани покани. Советувањата со родителите се реализираат групно, а по потреба и индивидуално. За советувањата се води записник и евиденција за присуство. Советувањата за ученици се реализираат индивидуално или групно. Се води записник и евиденција за присуство. Најголем дел од родителите се изјасниле дека од училиштето добиваат совети за подобрување на успехот, како и на нивните деца. Извршените советувања на родители/старатели и ученици доведоа до подобрување на успехот и редовноста кај најголем дел од учениците. За извршените советувања со родители/старатели и ученици редовно се известуваат надлежните институции, преку пополнување и испраќање на
</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • Известувања на училиштето до надлежните органи (МОН и Државен просветен инспекторат – ДПИ)<br>• Записници од средбите со родителите и локалната самоуправа<br>• Известувања до Центарот за социјални грижи и надлежен орган<br>• Записници од советувања на ученици<br>• Месечен распоред на дополнителна настава и на Веб - страна на училиштето<br>• Квартални, полугодишни и годишни извештаи за постигањата на учениците | соодветен формулар.<br>Најголем дел од наставниците им даваат соодветни насоки на учениците како да го совладаат предвидениот материјал идентификувајќи ги учениците со потешкотии како и надарените ученици за што говорат и резултатите од спроведените анкети за наставници, родители и ученици. Голем дел од учениците се изјасниле дека не се согласуваат со тоа дека наставниците се обидуваат да им го објаснат материјалот на различни начини кога истиот не можат да го совладаат. Училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференциран пристап. Најголем дел од родителите и учениците се изјасниле дека наставниците овозможуваат дополнителна настава за подобрување на успехот на учениците доколку има потреба од тоа. Наставниците изготвуваат годишен план за реализација на дополнителна настава, а училиштето, на месечно ниво, изготвува распоред за дополнителна настава за учениците од трето, шесто, седмо, осмо и деветто одделение и истиот го истакнува на огласната табла во училиштето и на училишната веб-страна. Останатите одделенија кои следат настава по новата Концепција за основно образование дополнителната настава се изведува во рамките на пет часовен престој во училиштето. Наставниците водат евиденција за реализираната дополнителна настава според Правилник за водење педагошка евиденција. Најголемиот број наставници користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата. Во училиштето се врши анализа и се изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи со кои се утврдува подобрувањето на постигањата на учениците преку дополнителна и диференцирана настава. Најголем дел од учениците се изјасниле дека наставниците преку дополнителна настава ги поттикнуваат во подобрување на нивниот успех. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| **Констатирани силни страни** | • Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици можат да се подобрат, планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците<br>• Се води редовна и уредна евиденција за постигнувањата и напредокот на учениците според наставни предмети<br>• Училиштето и наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците во воннаставните активности и уредно се води евиденција.<br>• Училиштето има утврден систем за известување на родителите/старателите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.<br>• Извршените советувања на родители/старатели и ученици доведоа до подобрување на успехот и редовноста кај најголем дел од учениците<br>• Училиштето превзема мерки за зголемување на редовноста на учениците<br>• Се води редовна и уредна евиденција за постигнувањата на учениците преку реализација на дополнителна настава |
| **Констатирани слаби страни** | • Идентификацијата на надарените и талентираните ученици оди отежнато поради тоа што Училиштето не располага со потребните психодијагностички инструменти |
| **Дополнителни дејствија:** | • Да се обезбедат потребните психодијагностички инструменти за идентификација и работа со талентираните и надарените ученици. |

ПОДРАЧЈЕ 3:

# УЧИЛИШНА КЛИМА

**Координатор на тимот:** Сашка Стаменковска

**Членови на тимот:** Афродита С. Крстевска, Зденка Димиќ, Нина Јовановска, Афродита Петрушевиќ, Снежана Трајковска, Ана Петрушевска, Кристина Петковска, Јасмина Петрушевска, Марија Милановска, Љупка Јакимовска, Славица Николиќ

**Подрачје 3: Училишна клима**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 3.1 | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| 3.2 | Еднаквост и правичност | • Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| 3.3 | Партнерски однос со заедницата | • Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и урбаната заедница |
| 3.4 | Севкупна грижа за учениците | • Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за учениците со емоционални тешкотии<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |

| **3.1 Училишна клима и односи во училиштето** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Собрани информации** |
| • Статутот на училиштето<br><br>• Куќен ред на училиштето<br><br>• Кодекс на однесување на вработените<br><br>• Кодекс на однесување на учениците<br><br>• Кодекс на однесување на родителите<br><br>• Правилници за процедури во случај на прекршување на принципите и правилата<br><br>• Правилник за изрекување на педагошки мерки<br><br>• Записници од Совет на родители<br><br>• Правилник за избор на ученик на генерација<br><br>• Евидентирани часови на одделенските заедници<br><br>• Анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците | ООУ „Кочо Рацин“ Куманово е препознатливо во градот и пошироко како резултат на квалификуваниот наставен кадар, пријатната, позитивна и мотивирачка средина за работа, како за учениците така и за вработените. Имаме постојана соработка со локална самоуправа, образовни и културни институции, НВО, бизнис сектор, хуманитарни организации. Нашите наставници и ученици учествуваат на меѓународни проекти Еразмус+. Изградениот углед се темели на учество на голем број на ученици на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, на кои најчесто освојуваме бројни и највисоки резултати. Успешно и самостојно изградивме препознатлив углед во градот и државата.<br>Училиштето спроведува специфични воннаставни активности по кои е препознатливо во средината. Како специфични активности се заедничко учеството на наставниците и учениците на планинарење, соработка со извиднички одред „Скаут“. Самоиницијативно планираме и реализираме вонnаставни активности на одредени теми со други училишта и секогаш учествуваме во воннаставни активности, настани и манифестации, на покана на други училишта, институции и организации. Во училиштето се реализираат голем број на училишни проекти, проекти финансирани од МОН и други организации, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, (Еразмус+). Изработена е дигитална стихозбирка како дел од четиригодишен проект од литературна секција. Сите активностите се промовираат на фан-страна и веб страна на училиштето, а за постигнати поголеми успеси се промовираме на локалните медиуми. Во училиштето сите активности и постигнати резултати, пофалби за учениците, наставниците и паралелките се презентираат на училишниот разглас „Рацин“. На крајот на учебната година се организира јавна и свечена промоција на ученик на генерација, континуирано одлични ученици и ученици кои учествувале или освоиле награди на државни и меѓународни натпревари и нивните ментори. Холот и ходниците се уредени со ученички изработки, дипломи и пехари.<br>Училиштето има изработено кодекси за однесување кои се однесуваат на сите структури :<br>-ученици<br>-вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал)<br>-родители<br>Најголем дел од родителите се запознаени со кодексите на однесување, а содржини од кодексите се обработуваат на одделенските часови со учениците и уредно се запишуваат во електронски дневник. Истите се јавно истакнати во училниците, кабинетот по информатика и ходниците на училиштето, веб страна. При изработка на истите, нивно унапредување и ажурирање учествуваат претставници од сите претходно спомената структури. Во соработка со Совет на родители и стручна служба е изработен Правилник за користење на мобилни телефони за време на наставата и истиот е истакнат во секоја паралелка и на влезот на училиштето. |

| | |
|---|---|
| • Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br><br>• Пофалби, награди, признанија и друго<br><br>• Медиуми<br><br>• Програма и правилник за работа на ученички парламент<br><br>• Записници од советувања на родители<br><br>• Досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани иницијативи на младински активизам, покани, материјали за изборни постапки и др.)<br><br>• Записиници од работата на стручните активи во училиштето<br><br>• Кодекс на однесување во кабинет по информатика | Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика.<br>Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците, родителите и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Професиналната соработка меѓу вработените е на највисоко ниво, раководниот, наставниот кадар, стручна служба и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Соработка на ниво на стручни активи и помеѓу активите е на високо ниво. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето, преку работилници од ОЖВ, индивидуални и групни разговори со стручна служба и преку голем број на вонnаствни активности. Училиштето е инклузивно и на сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и социјалниот статус) според анкетите најголем дел од ученици се изјасниле дека се вклучени во барем во една активност која им нуди подеднаква можност за вклучување во целокупниот живот и работата на Училиштето.Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.<br>Од анкетите се заклучува дека нашите ученици сакаат да одат во училиште, постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Преку создадената пријатна атмосфера за работа, соработката наставник – ученик е на високо ниво кое се темели на заемна почит и поддршка. Наставникот дава редовна усна и писмена повратна информација за напредокот и постигањата на учениците се со цел нивно подобрување. Постои добра комуникација ученик-ученик преку другарство, взаемно почитување и извршување на активности. Добра комуникација е воспоставена помеѓу Директорот и вработените, каде вработените на редовни понеделнички средби на кои се разменуваат мислења, идеи, предлози и прашања поврзани со активностите од претходната и насоки за активности за наредната седмица. Пријатна атмосфера и заинтересираност секогаш постои при организирање на дружби (Нова година, крај на учебна година) и одбележуавње на Ден на Училиштето. Во училиштето постои распоред на дежуратва на наставници пред часови и за време на одмори, како и дежурства на технички персонал на петте влеза на училиштето кои доследно се почитуваат. Во училиштето нема случаи на закани, говор на омраза, провокации, навреди и пишани графити со негативни пораки. Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели. Има појава на многу мал број на конфликти со кои училиштето успешно се справува.<br>Најголем дел од учениците, родителите и вработените се запознаени и го почитуваат куќниот ред во училиштето. Постои работна атмосфера и дисциплина за време на наставата, одморите и вонnаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците, за време на приемот на учениците, часовите, одморите и до заминување од училиштето.<br>Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на пофалби и педагошки мерки, се залага за демократско разрешување на конфликти и води политика на ненасилно однесување. За учениците кои се појавуваат како директни или индиректни учесници во нарушување на Куќниот ред се применуваат соодветни мерки, зависно од тежината на проблемот. Пред изрекување на |

| | |
|---|---|
| | педогошки мерки согласно Правилникот за изрекување педагошки мерки на ученикот и редотелот му се дава поддршка за надминување на проблемот од тимот за поддршка на училиштето.<br>Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и потполно демократска процедура која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Во училиштето има Ученички парламент и ученички правобранител, кои се фомирани и избрани согласно Статутот на Училиштето. Ученичкиот парламент и правобранител имаат изготвено свои програми за работа за чија што реализација во текот на учебната година добиваат поддршка од училиштето (менторска, логистичка, материјална итн.). Учениците навремено и целосно се информирани од претседател и заменик претседател на паралелка за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето на поголем број одлуки во врска со тие работи. Во текот на учебната година реализирани се голем број на активности од страна на Ученичкиот парламент. Учениците членови на ученички парламент редовно се поканувааат на состаноци на училишен одбор, ама ретко присуствуваат поради преклопување со настава, со воннаставни и вонучилишни активности. |

| 3.2 Еднаквост и правичност | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Собрани информации** |
| • Интервјуа со ученици, наставници, родители и со стручни соработници<br>• Прашалници за учениците и родителите<br>• Записници од работата на тимот за меѓуетничка интеграција<br>• Дневник за работа на стручните соработници<br>• е-дневник<br>• Извештај од работилници за детски права<br>• Процедура за избор на Правобранител<br>• Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување)<br>• Оперативен план за ОЖВ<br>• Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права<br>• Записници од Наставнички Совет<br>• Правилник за избор на ученик на генерација<br>• Правилник за изрекување педагошки мерки | Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата, реализирани на часовите предвидени за ОЖВ, свечен прием на првачиња во Детска организација, одбележување на Светски ден на детето, одбележување на Светски ден на лица со попреченост. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и во исто време инсистира на исполнување на обврските кои се имплементирани на часовите на одделенска заедница. Запознавање на учениците со детските права е интензивирана преку обуки за Ученик правобранител и негови заменици. Училиштето презема активности за да ги запознае родителите со правата на децата.<br>Сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите, се гледа од анкетите на родителите, учениците и наставниците дека најголем дел се согласуваат. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Најголен дел од учениицте се чуствуваат слободни да се обратат во стручната служба доколку има некој проблем. Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓански активизам. Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и друго реализирано на Ученички парламент и часовите од одделенска заедница.<br>Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно взаемно прифаќање. Учениците ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници. Училиштето планира заеднички наставни и воннаставни активности со партнер училиште за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.<br>Различните маргинализирани/ранливи групи (ученици со ПОП, ученици од социјално загрозени семејства, како и ученици од подрачните училишта ) се вклучени во училишните и вонннаставните активности.<br>Во рамките на ЕРАЗМУС + проектите се реализирани посети и успешни работилници со многубројни активности кои развиваат другарски и позитивен однос меѓу учениците од нашето училиште и партнер училиштата од повеќе европски држави. Ваквата меѓународна соработка на сите учесници им овозможува запознавање со културни сличности и разлики и нивно прифаќање и почитување. |

| 3.3 Партнерски однос со заедницата | |
|---|---|
| **<u>Извори на податоци</u>** | **<u>Собрани информации</u>** |
| • Извештај за работата на училиштето (полугодишен, годишен)<br>• Записници од советот на родители и родителски средби<br>• Анкети и интервјуа со Директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници<br>• Педагошка евиденција и документација (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност)<br>• Статут на Училиштето<br>• Веб-страница на училиштето<br>• Потишани меморандуми за соработка<br>• Решение за именување на членовите на училиштен одбор<br>• Проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците<br>• Записиници и одлуки од состаноците на училишен одбор<br>• Организирани трибини,, извештаи, дебати, предавања | Училиштето е секогаш отворено за соработка со родителите и користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање и распоред за консултации со наставници. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето (Од спроведените анкети за родители, ученици и наставници најголем дел се позитивни мислења за прифатеност и еднаквост на ученицита од сите субјекти од училиштето). Училиштето има пропишани процедури за избор на претставници на родителите во Училишен одбор врз основа на Статут за работа на Совет на родители. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители (родителски средби, усни искажувања, анализи, евидентни листови итн.). Родителите коректно се примени од наставниците, стручните соработници и Директорот и се чувствуваат добредојдени во училиштето. Комуникацијата со родителите, одржани родителски состаноци за кои секој одделенски раководител има изготвено програма, состаноци на Совет на родители, индивидуални родителски средби, писмени и телефонски покани, посета на домови на учениците и поканување на манифестации во училиштето. Училиштето води сметка да излезе во пресрет на барањата на родителите и на тој начин покажува позитивен однос за соработка со родителите. Индивидуалните средби, кои се по барање на одделенскиот раководител или друг предметен наставник или родител се одвиваат во училиштето, прилагодувајќи се на времето со однапред договорен термин за посета. Родителите континуирано се поттикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес, и пропишани се задолжителни советувања каде што е опфатена оваа група на родители. Од педагошка документација се гледа дека од вкупен број изречени усни опомени во текот на учебна година, понатамошниот број на изречени педагошки мерки се намалува поради континуирана соработка на училиштето со родителите и учениците.<br>Училиштето активно е вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата како што се: повеќе еко акции за чистење на просторот во училиштето и училишниот двор, „Безбедни училишта“; „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“, „Општински совет за безбедост во сообраќај – Биди безбеден“, Општинска организација на училишен спорт „ Забавни училишни активности“, Извиднички одред Скаут, Црвен крст на РСМ и три ЕРАЗМУС+ |

| | |
|---|---|
| со родителите и со претставниците на локалната заедница<br>• Записници од работата на тимот на меѓуетничка интеграција<br>• Документација за добиени спонзорства и донации | проекти со ДПИ, со МВР, Градоначалникот и Општина Куманово, , Медицински Центар –Куманово, ЈОУ Библиотека Тане Геогиевски- Куманово, Невладини организации, Републички совет за безбедност на сообраќај,општествено огдоворни компании, Друштво на писатели и локални и државни медиуми. Училиштето го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Општината и урбаната заедница се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Во училиштето постојат мал број примери од активности за меѓуетничка интеграција во образованието.<br>Редовна соработка училиштетото остварува и со други основни училишта и тоа преку учество на натпревари и спортски манифестации, во рамките на општина, регион, држава и пошироко. Организира заеднички литературни читања со останатите основни училишта во општината, а соработува и при регулирање на педагошка документација или информативни дискусии во врска со премин на ученици од едно во друго училиште, премин во средни училишта како и при упис на првачиња и други настани.<br>Соработка со средните училишта се остварува преку презентација за промоција на истите, посета на средните училишта на отворени денови и прибирање податоци за постигања на нашите ученици во средно образование на ниво на град Куманово. Оваа соработка се проширува и на средните училишта од град Скопје и пошироко во регионот. Училиштето остварува и меѓународна соработка преку учество на наши ученици на меѓународни проекти и натпревари. |

| 3.4 Севкупна грижа за учениците | |
|---|---|
| **<u>Извори на податоци</u>** | **<u>Собрани податоци</u>** |
| • Интервјуа со ученици, наставници, родители и со стручни соработници<br>• Прашалници за учениците и родителите<br>• Дневник за работа на стручните соработници<br>• Оперативен план за ОЖВ | За превенција и заштита од насилство се води сметка преку креирање на сигурна и поттикнувачка околина за учење, поттикнување на уважување на различностите. На ова поле наставниците работат преку инкорпорирање и обработка на адекватни содржини во рамки на редовната настава, на часовите на одделенска заедница, во воннаставните активности.<br>Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (настаници, ученици и родители).<br>За превенција и заштита од насилство училиштето секоја година изготвува Програма за превенција од насилство. Како дел од програмата се реализирани следниве работилници: Насилна и ненасилна комуникација, Пријателство, Реакции на омаловажување, Грешка, Конфликтите се скалила, Јас и ти – говор и др.<br>На почеток на секоја учебна година се формира училишен тим за безбедност од 4 ученици, 4 родители и 4 наставници како и одделенски тимови за безбедност за 6,7,8 и 9 одд.<br>Педагошко - психолошката служба континуирано дава поддршка преку советодавно-консултативни разговори (индивидуални и групни) на учениците и родителите. Училиштето навремено реагира на било кој облик на насилство и конфликт меѓу учениците. Стручната служба води евиденција за појавени форми на насилство, постапува според протокол како и евиденција за направени разговори со родители и ученици. Училиштето има уредна документација за соработка со МВР и СВР-Куманово и Центар за социјална работа доколку има потреба за таква соработка. Вработените во училиштето промовираат ненасилна комуникација преку свој личен пример и преку работилници во рамки на редовна настава и воннаставни активности.<br>Училиштето соработува со МВР, СВР- Куманово, оддел за превенција преку реализирање на предавања како дел од нивната програма и акциски план за превенција.<br>Во соработка со претставници од Центарот за интеркултурен дијалог ЦИД одржана е обука на мал дел од наставници за начин на постапување при појава на Булинг.<br>На оваа подрачје наставниците на часовите и на воннаставни активности континуирано работат и секојдневно укажуваат на негативни последици од алкохол, дрога и пушење. За подобро информирање за последици од овие негативни појави редовно на часовите на одделенска заедница се дискутира на оваа тема. На влезот на училиштето и внатре во училиштето има налепници за забрането пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанци. Оддел за превенција при МВР-СВР Куманово редовно одржува предавања на тема: |

| | |
|---|---|
| | Превенција и заштита од пушење, алкохол и дрога.<br>Учениците немаат училишна менза и најчесто сами се снабдуваат со храна/носење од дома или најголем дел од учениците, со согласност од родителите купуваат храна во продавниците во непосредна близина, но за истите немаме сознанија од ХЕС за квалитетот на храната. Училиштето преку совет на родители даваше иницијатива, но само мал дел од родителите прифатија во рамките на нивни паралелки изберена пекара да доставува/кетеринг кифли до нивни паралелки при што се испочитувани хигиенските мерки за чување на храна/корпи за кифли и спакувани во најлончиња. Се купува храна од околните места надвор од училишниот двор, место кифли се купува нездрава храна, учениците се оставени сами да бираат, па се создава гужва, се доцни на часови, поминуваат преку улица. Училиштето соработува со Министерство за земјоделие и доставена е храна/јаболки за секој ученик со што се води грижа за правилна исхрана и внесување на минерали и витамини. По предметите Биологија, Природни науки, ОЖВ на одд.час во предметна настава, а исто и во одделенска настава се обработуваат наставни содржини за здрав начин на исхрана, особено во одделенска настава се работи на навики за здрава исхрана преку работилници, дискусии, презентации, носење на ужинка-овошје, зеленчук.<br>Во училиштето редовно се врши чистење и дезинфекција на тоалети, ходници и училници во законски прописи, редовно чистење на училишниот двор, косење трева, хортикултурно уредување од страна на технички персонал, но и од страна на ученици преку разни еколошки активности/Ден на пролет, Ден на планета Земја во двор но и цвеќиња во училници,кабинети и ходниците. Преку реализираниот проект/Чекори умно и зелено-се врши засадување на растенија во контролирани и неконтролирани услови и се препорачува засадување на растенија кои го прочистуваат воздухот и продуцираат кислород. Училиштето во секоја училница има чешма со чиста вода за пиење, сапун и дезинфекционо средство како и корпи за отпад кои редовно се чистат, во ходници се поставени корпи за сортирање на отпад/за рециклирање, како и во училишниот двор.<br>Училишната спортска сала редовно се чисти и проветрува. Исто така има и контејнер за електронски отпад кој го користи Училиштето и локалното население.<br>После пандемијата од Ковид се уште се користат средства за дезинфекција на раце. Во училиштето од 07.06.2021год. е задолжителен офталмолошки преглед за првачиња склучен со ЈЗУ Општа болница Куманово. Училиштето соработува со амбуланта „Тоде Мендол“ преку редовна вакцинација на ученици, редовно соработува со Школска амбуланта за систематски прегледи и редовно залевање на заби на ученици. Ваквите прегледи се организираат со цел да се констатира и регистрира здравствената состојба на учениците и нивниот психофизички раст и развој. Во училиштето постојат редовни систематски прегледи на вработените на секои 2 години и еднаш годишно се прави санитарен преглед. Училиштето соработува со ХЕС служба која врши редовна ДДД двапати годишно за спречување на појава на заразни болести. На часовите на одд. заедница воспитно се делува врз учениците за одржување на лична хигиена и заштита од заразни болести и на создавање хигиенски навики како и ОЖВ работилници/редовни часови на тема Јас и здравјето- |

| | |
|---|---|
| | здраво живеење. Училиштето има правилник за превенција од заразни болести. Во училишните тоалети постои стара канализациона мрежа која често се затнува и постои опасност од ширење на болести како и стари тоалети кои се дотраени, со искршени плочки, стари и некаде дисфункционални казанчиња за вода, а во подрачните училишта потешко е снабдување со вода и одвод на фекалии. Според спроведените анкети родителите сметаат дека хигиената во училиштето е на високо ниво, а голем дел од учениците сметаат дека училиштето е чисто и уредно.<br>Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност за учениците.<br>Сите овие места во училиштето се посебно означени и учениците се свесни за нивното присуство и се соодветно информирани за можните опасности.<br>Во училишниот простор има доволен број ПП апарати и истите редовно се контролираат и сервисираат. Гасна котлара е покриена со посебен ПП апарат, како и нафтената котлара. Пред грејната сезона се врши детална контрола и сервисирање на двете котлари. Во училиштето има доволен број на надворешни внатрешни хидранти кои еднаш годишно се проверуваат/контролираат и се во употребна состојба. Училиштето располага со 26 громобрани на кои редовно им е направено мерење и контрола. Од ХЕС на секои 6 месеци се врши дезинсекција и дератизација.<br>Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите се почитуваат. Најголем дел о дродителите сметаат дека вработените се грижат за безбедноста на учениците и дека училиштето во целина нуди потполно безбедни услови за нивните деца. Поставен е видео надзор пред главниот влез и внатре низ ходниците на училиштето што уште повеќе ја зголемуваат безбедноста на децата и на вработените. На видни места е поставен план за евакуација и план за заштита и безбедност на учениците и наставниците. Со предупредувачки пораки/налепници се информираат учениците за опасности по нивна безбедност. Сите 5 влез/излез во училиштето се одбележани. Во повеќето училници подовите се оштетени на одделни места и претставуваат потенцијална опасност за учениците и вработените. Во салата каде што се реализираат часови по физичко и здравствено образование подот е оштетен, прозорците стари, а кровот протекува при најмало невреме. Кровната конструкција на училиштето е целосно сменета и обновена. Дел од прозорците во училиштето (канцелариите, училниците од вториот кат и ходниците) има стари и дотраени прозорци во Централното училиште. На влезот на училишниот двор и по скалите има поставено метален држач (гелендер), но на самиот влез недостасува партерно уредување. На училишниот паркинг поставена е сензорна рампа со што е овозможен влез на коли само за вработените во училиштето, со што е зголемена безбедност на движење на учениците. Има поставена заштитна ограда со мрежа помеѓу дворчињата на училниците на првиот кат за да се зголеми безбедноста на учениците.<br>За ученици и посетители со телесен инвалидитет има поставено рапна на главен влез, но и влезот бр.4 е целосно преадаптиран со пристапна рампа . Двата тоалети во одделенска и предметна настава се преадаптирани за лица со телесен инвалидитет. Училиштето има на располагање и лифт – |

| | |
|---|---|
| | кар.<br>Постои интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди со план за евакуација за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди. Во училиштето редовно се изведуваат симулации. Успешно и брзо неколку пати беше изведена евакуација на ученици и вработени за најави на бомби во училиштето.<br>Бројот на обучени наставници со вештини за давање прва помош на ученици и вработени при несреќен случај во училиштето, секоја година сукцесивно се зголемува. Истите имаат сертификати и има извршено дисеминација на сите вработени. Најголем дел на учениците од предметна настава се обучени за давање на прва помош преку работилници организирани од „Црвен крст,, и извиднички одред „Скаут“. Поголем дел од вработените исто така имаат посетено и Обука за заштита при работа. Училишниот објект, училишната опрема, вработените и учениците се осигурани.<br>Постои процедура за постапување на материјални средства за ученици од социјално загрозени семејства. Најголем дел на ученици , родители и наставници учествуваат во хуманитарни акции за собирање на парични средства , храна и облека, училишен прибор, апарати за домаќинство преку еднократни акции (училишни проекти и базари).<br>Училиштето постојано соработува со хуманиратни и невладени организации „Црвен крст“ и ,,Порака наша“. Се соработува и со деловна заедница – пријатели на училиштето кои што донираат и даваат помош и подршка на наши ученици од социјално загрозени семејства.<br>Училиштето со пропишана процедура обезбедува реализација на настава за ученици кои поради здравствени причини, подолг период отсуствуваат од редовна настава. Реализација на наставата се спроведува во соработка и со согласнот од родители/старатели, локалната заедница и други релевантни институции (здравствени установи, центар за социјални работи и сл.). Во услови на подолго отсуство, наставата е организирана на начин што, ученикот секојдневно ја следи наставата онлајн преку лиценцирана образовна платформа Microsoft Teams одобрена од МОН и БРО односно, виртуелно, од дома се вклучува на настава во училница во реално време. Наставниците ја реализираат наставата со прилагодени форми, методи и техники на работа за постојана интеракција со ученикот , како и со изработка на видео презентации, задачи, квизови и сл. кои ученикот треба да ге изработи за време на час или домашна задача. Доколку ученикот нема соодветен уред за следење онлајн настава, училиштето има обезбедено повеќе таблети кои служат за времено користење за ученици, во период потребен за следење онлајн настава од дома.<br>Дополнително, наставниците во соработка со родители/старатели, преку давање и враќање на наставни материјали во пишана форма, ги следат учениците.<br>Важно е да се напомене дека при запишување во прво одделение, педагошко/психолошка служба ги анкетира родителите со прашалник кој се однесуваат на здравствената состојба на ученикот. Во интерните дневници за работа на стручните соработници и портфолијата на учениците постојат податоци добиени од разговорите со родителите и наставниците, како и документација во врска со здравствената состојба на учениците и остварени контакти со релевантни институции. Стручната |

| | |
|---|---|
| | служба им помага на учениците и родителите во такви или ги упатуваат до релевантни институции.<br>Предагошко/психолошката служба во училиштето има механизам за препознавање на емоционални потешкотии кај учениците. Тоа подразбира континуирано следење на учениците во постојана соработка со одделенски/предметни наставници, родители/старатели, училишен дефектолог, центар за социјални работи и сл. Имено уште при запишување на ученици во прво одделение, се врши општа проценка за подготвеност и зрелост на ученикот за тргнување на училиште, каде меѓу другото се утвдува и емоционалното здравје на ученикот и/ се детектира одредена емоционална потешкотија. Понатаму се разговара, известуваат родители/старатели, одделенски раководител и стостојбата се следи. Одделенскиот раководител селектира работилници од Образование за животни вештини кои ги реализира на ниво на паралелка, а се однесуваат на учење за развој на емиционално здравје на учениците, разговара, советува и сл. Доколку бидат забележани негативни промени, училишната стручна служба пристапува кон индивидуална работа со ученикот преку разговори, советувања, вежби за справување со емоционални потешкотии, работилници и сл. Во континуитет родителот/старателот е известен за напредокот на ученикот и истиот е вклучен во процесот на следење. Доколку стручната служба утврди дека детектираната емоционална потешкотија не може да биде санирана во училишни услови и иницира дополнителни истражувања или емоционална поддршка од повисок степен, во соработка со релевантни институции (здравстеви установи, центар за социјални работи, граѓански здруженија, советувалишта и сл.) ги упатува родителите/старателите на понатамошни активности. Од анкетираните родители најголем дел се изјасниле дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на учениците.<br>Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности (користење на Riasek тест, работилници, користење на вежби за самопроценка на своите способности и дебати) од стручна служба за избор на професија според афинитетите на учениците и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.<br>Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија.<br>Училиштето дава помош на учениците и нивните родители/старатели во избор на средното училиште., посета на отворени денови во средните училишта, презентации од средните училишта и флаери. Училиштето има организирано презентации на професии од страна на родители од различна област и профил. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| **Констатирани силни страни** | • Училиштето води грижа и помага на социјално – загрозени семејства<br>• Меѓусебно почитување и взаемна соработка меѓу сите субјекти во училиштето: ученици, наставници и родители<br>• Отвореност на училиштето за соработка на сите полиња<br>• Успешна соработка со локалната заедница и населението<br>• Училиштето промовира еднаквост и правичност, а навремено реагира на појава на насилство<br>• Училиштето има изградено препознатлив имиџ во Општината<br>• Дисциплината е на високо ниво, од  вкупно ученици во училиштето, изречени се педагошки мерки на 3,5-4,00 % ученици, од кои повеќето немаат изречено втора педагошка мерка |
| **Констатирани слаби страни** | • Оштетени и небезбедни подови во училници<br>• Нефункционални и  стари дотраени прозорци во ходници и канцеларии, енергетски неефикасни<br>• Недостапни информации за безбедност на храната што ја конзумираат учениците надвор од училиштето<br>• Лош пристап пред главниот влез<br>• Стари и дотраени санитарни јазли |
| **Дополнителни дејствија:** | • Замена на подови во училници и прозорци во ходници и канцеларии<br>• Партерно уредување пред главниот влез на училиштето<br>• Реновирање на тоалетите |

Подрачје 4:

# УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

**Координатор на тимот**: Јосип Анастасовски

**Членови на тимот**: Далибор Јовановски, Лидија Зарковска, Жаклина Пешевска, Биљана Милошевска, Ирена Анастасовска, Катерина Китановска, Силвана П. Додиќ

Подрачје 4:
**УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ**

| Бр. | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| **4.1** | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Управување и раководење со ресурсите<br>• Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес |
| **4.2** | Цели и креирање на училишната политика | • Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојното планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

| 4.1 Управување и раководење со училиштето | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| • Програма за работа на Училишниот одбор;<br>• Деловник за работа на Училишниот одбор<br>• Статут на училиштето<br>• Извештај од самоевалуација<br>• Записници, Одлуки, Извештаи од работата на Училишниот одбор<br>• Интервју со Директор и стручните соработници<br>• Програма за работа на директорот,<br>• Програма за работа на стручни соработници<br>• Програма, извештаи и записници на наставник-ментор<br>• Поgрама за професионален развој;<br>• Анкета за наставниците, родителите и учениците<br>• Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи);<br>• Докази за вклчченост во регионални и меѓународни образовни мрежи | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето според Законот за основно образование (С. Весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20). Работата и функционирањето на УО е јасно дефинирана според деловникот за работа на училишниот одбор, навремено се донесуваат заклучоци и одлуки со консензус и истите се транспарентни. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето, а успешно соработува со Советот на родители, стручна служба, наставници, ученици, локална самоуправа и приватни водечки структури. УО зема учество во креирањето политики за еколошка едукација, заштита на животната средина, меѓуетничка интеграција во образованието, афирмирање на инклузивноста на училиштето и граѓански активизам. УО се состои од седум члена и тоа: тројца членови од редот на наставниците, тројца од Советот на родители и еден член од основачот на училиштето-Локалната заедница. Сите членовите на УО се присутни на состаноците на кои непречено се работи, детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето со уредно изготвени записници. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>Директорот ја извршува раководната функција во Училиштето, во согласност со законските прописи и статутот на Училиштето. Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на Училиштето. Директорот е целосно насочен кон квалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа на Училиштето.<br>Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимска работа, преку редовно следење на работата, посета на часови, извештаи, анализи, анкети. Практикува и поттикнува секојдневна соработка и комуникација со вработените, се' со цел наставниците редовно да се информирааат и полесно и постојано да комуницираат помеѓу себе и со директорот, преку електронска пошта, затворена група на социјална мрежа Facebook или преку Microsoft Teams (еднаш неделно со сите наставници).<br>Секојдневно соработува со стручните соработници, родителите и учениците за надминување на проблеми и разрешување на конфликти во Училиштето. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Ја организира и следи работата на Училишен инклузивен тим и други тимови во Училиштето, особено инсистира и поддржува рализирање на еколошки содржини и спроведување на училишни политики, |

| | |
|---|---|
| (активности, дописи, апликации),<br>• Записници од инспекциски надзори<br>• Распоред и процедури за користење на просторот и наставните материјали во училиштето;<br>• Активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека<br>• Пописна листа за библиотечен фонд<br>• Извештаи и записници од следени часови од директор и стручни соработници со дозвола на директор | во кои се афирмира инклузивноста на училиштето.<br>Директорот воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловна средина и граѓанските организации, вклучувајќи го училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Училиштето превзема активности за унапредување на мултикултурализам, меѓуетничка интеграција и толеранција со потпишан меморандум за соработка со партнер училиштето ООУ „Наим Фрашери“ Куманово од друг наставен јазик. Училиштето има јасен план и распоред за максимална искористеност на расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Во функција се кабинет по музичко образование, кабинет по информатика, сензорна соба за ученици со ПОП и новоадаптираниот кабинет по природни науки.<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите ги набавува согласно своите можности и приоритети. Но и понатаму недостасува голем дел од асистивна технологија наменета за работа со ученици со ПОП и дел од наставни нагледни средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети, ИКТ опрема, како и обнова на реквизити за реализирање на наставата по ФЗО во централно и подрачни училишта. Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал, но не во потребната количина за реализација на наставните и вонннаставните активности согласно планот на училиштето, па затоа наставниците со свои средства и помогнати од страна на родителите копираат и обезбедуваат хартија и друг наставен материјал за успешно спроведување на активностите на учениците.<br>Училишната библиотека/медијатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Во склоп на библиотека имаме медијатека, но само делумно се користи како читална од страна на учениците бидејќи честопати е зафатена со наставни и вонннаставни активности. Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер кој има пристап до интернет, а медијатеката е опремена со смарт телевизор, лап-топ, интернет и друга комуникациска опрема која е на располагање на наставниците и учениците. Библиотечната евиденција се води во согласност со законот за библиотеките. Во библиотеката се води електронска библиотечна евиденција, но издавањето и враќањето книги не се води по електронски пат. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.<br>Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно – образовниот процес. Наставниот кадар е во согласност со нормативите за реализитрање на наставни планови и програми. Наставниот кадар е квалитетен, |

компетентен и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вонннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина.
Стручните соработници во училиштето им помагаат на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручните соработници во својата програма за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и се секогаш отворени за соработка. Стручните соработници во дозвола со директорот според направен распоред вршат редовни посети на часови и вршат нивно евидентирање, најмалку два часа во едно полугодие кои се поткрепени со разговор за истите.
Во училиштето се ангажирани и образовни асистенти кои работат со категоризирани ученици обезбедени од МОН. Поради поголемата оддалеченост на подрачните училишта дефектологот објективно не е во можност да одговори на потребите на тие ученици. Од направената анализа произлегува потребата од идно вработување на социјален работник, дефектолог и уште еден педагог во училиштето. Во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство на наставниот кадар училиштето навремено поднесува барање до Општината, но понекогаш нема брза и соодветна замена од секторот за образование.
Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето, ги детектираат потребите за лично професионално усовршување изработувајќи лични планови за професионален развој на почетокот на учебната година. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и совремeнтите образовни текови. Според новиот закон сите наставници по свој избор поминаа по две акредитирани обуки за оваа учебна 2022/23 година. Во иднина треба да се изврши дисеминација на истите. Во наредните две учебни години ќе се обучат сите наставници уште со по 4 акредитирани обуки по свој избор, кои ќе ги наведат во личен план за професионален развој. Во нашето училиште имаме еден наставник кој напредуваше во својата кариера со звање наставник- ментор. Дел од наставниците со самофинансирање посетија одделни обуки во текот на учебната година. Секој наставник може да напредува според законот за кариерно напредување на наставниците. Директорот целосно ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците. Сите наставници се стекнаа со пофалници и благодарници од училиштето кои со своите ученици постигнаа и стекнаа високи резултати на регионално и државно ниво. Наставниiот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални

| | |
|---|---|
| | досиеја. Училиштето се придржува на Законот за основно образование за приправничкиот стаж.<br>Директорот и стручните соработници со одобрение од директорот по претходно изготвен распоред за следење на работата на наставниците, континуирано ја следат работата на наставниците и квалитетот на реализација на наставата. Најголем број наставници по најмалку два наставни часа беа посетени од страна на директорот и стручните соработници во текот на едно полугодие. Има случаеви каде одреден број наставници по свое барање сакале да се посетат нивните наставни часови. Во текот на следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени формулари или протоколи на кои ги запишуваат и бележат сознанијата од посетениот час.<br>За следење на наставниот час директорот или стручните соработници даваат повратна информација индивидуално на секој наставник и укажуваат на можности за идно подобрување. Наставникот -ментор има посетено повеќе наставни часови на наставници кои имаат помал работен стаж за давање насоки и поддршка за подобра реализација на НПП. |

| **4.2. Цели и креирање на училишната политика** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Извештај од самоевалуација<br>• План за развој на училиштето<br>• Акциони планови<br>• Анкети/Интервјуа со директор, | Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на политиките, целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување преку состаноците на Наставничкиот совет, Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници, Совет на родители и родителски состаноци, стручни активи, преку соопштенија, иформативни катчиња, огласна табла, веб страна на училиштето и преку разгласна станица во училиштето.<br>Учениците преку ученичкиот парламент активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на училиштето преку организирање и учество во хуманитарни активности и еколошки акции. Континуирано се подобруваат политиките во училиштето за намалување |

| | |
|---|---|
| стручни соработници, наставници родители, ученици<br>• Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет ;<br>• Записник од состаноци на одд. заедници и ученичка организација<br>• Програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор;<br>• Деловник за работа на училишниот одбор<br>• Интервју со директор<br>• План за професионален развој;<br>• Склучени договори, тендерска документација за јавни набавки<br>• Записници од ревизија и УЈП<br>• Буџет и финансиски план на училиштето | на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство во соработка со Центар за социјални работи, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивно образование, еколошко образование, меѓуетничка интеграција. Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и на учениците при креирањето на политиките на училиштето. Дел од процедурите не се ажурирани.<br>Целите во развојната програма се јасни, конкретни и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Дел од нив се потешко остварливи поради потреба од финансиски средства со кои што не располага училиштето и треба да се обезбедат од Општината, донатори или учество во проекти. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, стручната служба, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето редовно и навремено ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Информациите со засегнатите страни за резултатите кои треба да се постигнат од развојната програма се образложуваат на Наставничките совети и на Училишен одбор. Исто така релевантните страни со ваквите информации можат да се запознаат индивидуално преку Развојна програма на училиштето, Соопштенија за наставници, ученици и родители. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.<br>Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и негово трошење и има донесено финансиски план во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства.<br>И покрај тоа што изработениот и уредно доставен финансов план од страна на Училиштето содржи приоритети тесно поврзани со образовните цели за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрувањата на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина истиот рестриктивно се одобрува од страна на основачот на училиштето.<br>Одобрениот буџет се користи наменски, а во најголема мерка се користи за приоритети кои се поврзани со тековно одржување – комунални услуги, греење, комуникација, превоз на ученици, хигиена, ситен инвертар и поправки.<br>Училишниот одбор навремено го добива и разгледува извештајот за планираниот финансиски план, и истиот го одобрува и доставува до основачот. Советот на општината по разгледување го одобрува доставениот финансиски план. Училишниот одбор редовно ги следи финансиските активности и финансиската состојба на училиштето при трошењето на буџетот. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| **Констатирани силни страни** | • УО зема учество во креирањето политики за еколошка едукација, заштита на животната средина, меѓуетничка интеграција во образованието, афирмирање на инклузивноста на училиштето и граѓански активизам.<br>• Училиштето е добро раководено<br>• Вклученост на сите инволвирани страни во креирање на училишните политики<br>• Најголем број од наставниците сметаат дека имаат можност да учествуваат во процесот на донесување на одлуки<br>• Квалитетен наставен кадар<br>• Соработка помеѓу стручните соработници и наставниците<br>• Адаптиран и опремен нов кабинет по природни науки<br>• Адаптирана и опремена сензорна соба за работа со ученици со ПОП<br>• Целите во развојно планирање се конкретни, јасни и при нивното поставување се вклучени сите засегнати страни.<br>• Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање<br>• Училиштето ги афирмира и промовира постигањата на учениците, свечено и јавно ги пофалува учениците за своите успеси на натпреварите и ги наградува учениците со континуиран одличен успех со книга и пофалница, како и нивните ментори. |
| **Констатирани слаби страни** | • Училишната библиотека не располага со читална за учениците<br>• Недостаток на наставни нагледни средства и помагала согласно нормативите по одредени наставни предмети, ИКТ опрема, како и реквизите за реализирање на настава по ФЗО и воннаставни спортски активности<br>• Потребата од зајакнување на стручната служба со вработување на уште еден стручен соработник (социјален работник, дефектолог или педагог) во училиштето<br>• Процедурите за креирање на училишна политика треба да се ажурираат |
| **Дополнителни дејствија:** | • Набавка на нагледни средства и помагала согласно нормативите по одредени наставни предмети како и реквизите за реализирање на настава по ФЗО и воннаставни спортски активности<br>• Вклучување на училиштето во проекти кои би обезбедиле материјална поддршка за реализирање на поставените цели<br>• Процедурите за креирање на училишна политика треба да се ажурираат |

## КООРДИНАТОРИ И ЧЛЕНОВИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО 2023 ГОДИНА

**1 *Планирање, настава и учење***
Координатор: Весна Тодоровска
Членови на тимот: Николина Милевска, Соња Коцевска, Габриела Арсовска, Лидија Крстевска, Лидија Атанасовска, Марија Мартиновска, Весна Колевска, Биљана Ивановска, Марина Величковска, Климентина Михајловиќ, Росица Трајковска

**2. *Постигнувања на учениците***
Координатор: Емилија Златановска
Членови на тимот: Фросина Јовановска, Владица Наковска, Фросина Арсовска, Бисера Јордановска, Маре Пауновска

**3. *Училишна клима***
Координатор: Сашка Стаменковска
Членови на тимот: Афродита С. Крстевска, Зденка Димиќ, Нина Јовановска, Афродита Петрушевиќ, Снежана Трајковска, Ана Петрушевска, Кристина Петковска, Јасмина Петрушевска, Марија Милановска, Љупка Јакимовска, Славица Николиќ

**4. Управување, раководење и креирање политики**
Координатор: Јосип Анастасовски
Членови на тимот: Далибор Јовановски, Лидија Зарковска, Жаклина Пешевска, Биљана Милошевска, Ирена Анастасовска, Катерина Китановска, Силвана П. Додиќ

**Комисија за самоевалуација**:

Весна Тодоровска, наставник - ментор
Сашка Стаменковска, педагог
Емилија Златановска, одделенски наставник
Јосип Анастасовски, предметен наставник
Миодраг Масевски, родител

в.д. Директор
Лидија Пешевска
____________________